# Тијана ќе вози мерцедес



Поп-пејачката Тијана и нејзиниот сопруг Милан Дапчевиќ неодамна од негова тетка од Америка добиле наследство од 200 илјади долари, од кое си купиле куќичка во Грција и "мерцедес ЦЛК". Оваа информација е објавена во српските весници. Во нив уште пишува и дека тетка му на Милан пред да почине, му оставила куќа во Америка и пари, па откако куќата била продадена на лицитација, на сметката на Милан во Србија стигнале доларите. Брачната двојка се договорила паметно да ги потроши парите, па затоа веднаш се јавила кај кумот во Грција за да ѝ одбере куќа, а останатите пари Милан ѝ ги дал на Тијана, како роденденски подарок да си купи автомобил, покрај "смартот", што веќе го има, да си го збогатат возниот парк. Во весниците пишува дека веднаш биле потрошени 140 илјади долари на куќата, а 60 илјади долари на автомобилот. Бидејќи Тијана не заминала со љубовта во Грција за да ја одбере куќата, тој ја сликал и сликите ѝ ги покажал во Скопје, каде што таа го чекала.

- Наследство? Каде го пишува тоа. Во "Свет" или во "Скандал". Приказната е многу убава, ама јас не знам ништо за тоа. Знам само дека неодамна доби награда во Сараево за најдобар спот за песната "Земја моих снова". Те молам, јави се и разговарај со нив и многу да ми ја поздравиш Тијана - ни изјави мајка ѝ.

На белградскиот мобилен подоцна го добивме сопругот на Тијана, Милан, кој рече дека приказната за наследството воопшто не е точна. "Нема, рече тој, никакво наследство, но јави ѝ се на Тијана на другиот мобилен".

Тијана, пак, ни изјави:

- Да, добивме наследство. Да не ти се верува!! Мајка ми не знае за ова и не сум била во Скопје. Сѐ се случи последнава недела, па и ние уште не сме свесни. Нарачав "мерцедес ЦЛК", а "смартот" уште си го возам. Новиот автомобил чини 60 илјади евра. Купивме куќичка во близина на Атина, на море.

**(В.М.)**

# Нема да се избира фолк-хит на годината



*Гоце Арнаудов*

"Фолк-хит" на годината нема да се одржи, што е прв прекин на оваа музичка манифестација по 15 години континуирано одржување. Одговорниот за забавната програма во МТВ, Иван Мирчевски, вели дека во март ќе организираат доделување награди во забавната музика, а се планира оваа фолк-музичка манифестација да се спои со фестивалот "Цветници", кој оваа година би требало да се возобнови.

"Цветници" е фестивал на нови фолк-песни, "Фолк-хитот" е манифестација за избор за најдобрите во изминатата година. ***(В.М.)***

# Златна буба мара за животно дело на Љубомир Брангулица

Љубомир Брангулица ќе ја добие наградата за животно дело на "Златна буба мара на популарноста". Познатиот композитор, продуцент и аранжер напиша многу македонски евергрини, меѓу кои најпознатата "Езеро мое". Брангулица е автор на музика за неколку домашни филмови. Има работено во Балетот на МНТ и како продуцент и уредник на музичката програма во Македонската радио-телевизија. "Златна буба мара на популарноста" ќе се одржи на 17 февруари, во Универзалната сала. Во останатите категории ќе се наградат најдобрите пејачи, актери, спортисти... ***(М.Ц.)***